Почитуван градоначалник на општина Грос Зимерн г.Ахим Грим, почитувани претставници на општина Грос Зимерн, почитуван претседател на совет, почитувани советници, почитувани претставници на медиумите, драги гости!

Ми претставува чест и задоволство да ги поздравам во мое име и во име на Општина Крива Паланка и да им посакам добредојде на гостите од Германија, претставувани од градоначалникот Ахим Грим. Имено нашата општина во октомври 2015 беше учесник на еден проект заедно со општината Грос Цимерн како и општините Ригано Сул Арно од Италија и Бургберг од Романија.

Тоа беше проект во врска со биолатералното и смисловно користење на ресурсот храна. На овој проект присуствуваше и претставник од МЗШВ од Крива Паланка како и претставник од приватниот бизнис.

Ова на некој начин претставува продолжување на соработката помеѓу нашата општина и општината Грос Зимерн која ја започнавме. Соработката понатаму ќе ја продолжиме на културен, образовен и спортски план со можност во иднина и економски да соработуваме.

Во оваа прилика посебно сакам да искажам јавна благодарност на семејството Станојковски – наши сограѓани кои живеат во Германија и кои се и еден вид на иницијатори за оваа соработка. Тие се најзаслужни затоа што нашата општина стекнува уште еден пријател од Европската унија. Мислам дека ваквите иницијативи на наши сограѓани треба да бидат пример и за другите.

Почитувани присутни, сметам дека еден човек колку што повеќе има пријатели толку повеќе и е побогат, ние денеска сме побогати со уште едни пријатели на кои им посакувам добредојде и убав претстој во нашиот град!

Благодарам!